**Пригодни мудри изреки од познатите**

| | |
|---|---|
| Во подрачјата кои бараат најголема разборитост, во политиката на пример, беснеат најголеми страсти.. | ***Сиѓмунд Граф*** |
| Тие кои одделено ги третираат политиката и моралот, никогаш нема да го разберат ни едното, ни другото. | ***Џон Марли*** |
| Чувај се од оние на кои родољубието им е занает. | ***Анте Дукиќ*** |
| Патриотизмот е последно скривалиште на ништожниците. | ***Семјуел Џонсон*** |
| Ние зајаците склопивме мир со пилињата, дека нема да се јадеме меѓусебно. Да почекаме да видиме што на тоа вели јастребот. | ***Карел Чапек*** |
| Секоја програма е добра, кога е во добри раце | ***Томасео*** |
| Политички сентиментализам можат да имаат само малите народи. Големите одат по својот интерес | ***Томасео*** |
| Што не се создало за 100 години, нема да се создаде за 100 дена. | ***Фран Левстик*** |
| Политичарите од вистински ков не му приоѓаат на мнозинството, тоа им пријдува ним. | ***Фридјоф Хансен*** |
| Да се сплете венец е полесно отколку да се најде достојна глава за него. | ***Гете*** |
| Да се гради земјата е позначајно, отколку со неа да се владее. | ***Јохан Андерсен*** |
| Повеќе знае глупавиот во својата куќа, отколку мудриот во туѓа | ***Сервантес*** |
| Знаењето говори, незнаењето вреска. | ***Артуро Граф*** |
| Да знаеш напамет, не значи дека знаеш. | ***Монтењ*** |
| Идеалите не се за идеалисти. | ***Станислав Јежи Лец*** |
| Идејата со оружје не се прифаќа, туку со примери. | ***Гоце Делчев*** |
| Потешко се објаснува доброто од лошото. | ***Марсел Аме*** |
| Нигде не е, кој е секаде. | ***Сенека*** |
| На површината, како по вода, пловат грешките како слама, а оној кој бара бисери, мора длабоко да нурне. | ***Џон Дриден*** |
| Да се греши е човечки, но да се заборава е божествено | ***Поуп*** |
| Како може некој да се жали, ако се претворил во црв. | ***Кант*** |
| Одговорните луѓе во диктатурата се со тврдо срце, а во демократијата со тврд слух. | ***Зиѓмунд Граф*** |
| Ни владата не може да ја заштити правдата и слободата таму каде што граѓанинот не сака да излезе пред својата куќа и да погледне што се случува таму. | ***Келер*** |
| Фанатичното верување во демократијата, демократските институции ги прави неможни. | ***Расел Бертранд*** |
| Големото не е секогаш добро, но доброто е секогаш големо | ***Јакоб А. Боневи*** |
| Биди благодарен на советите, а не на фалбите. | ***Лафонтен*** |
| Најголем владетел е оној, кој си го гради престолот во срцата на луѓето | ***Кернер*** |
| И после слаба жетва треба да се сее | ***Сенека*** |
| Што е полесна и поретка материјата, толку повеќе простор зафаќа. Така е исто и со гордоста. | **Толстој** |
| Доблеста има многу проповедници, но малку маченици. | ***Клод Адриен Елветл*** |
| Многу луѓе побргу ќе видат доблест во каењето заради грешката, отколку во избегнувањето да се греши. | ***Георѓ Лихтенберѓ*** |
| Колку лаги се потребни во еден парламент, за да се придвижи вистината. | ***Брехт*** |
| Додека ја градиме иднината, мораме да помислиме на тоа дека: чесноста не е наследна. | ***Пејн*** |
| Не се лоши времињата, туку луѓето. | ***Дарвин*** |
| Ако луѓето на пониски функции и положби немаат доверба во оние над себе, да се владее со народот не е можно | ***Конфучие*** |
| Кој сака да владее со луѓето, не треба да ги тера пред себе, туку тој да оди зад нив | ***Монтескије*** |
| Да се знае да се владее, значи да се знае да се изберат советници. | ***Филипо Пананти*** |
| Слабо владее со големите оној кој не може да ги разбере малите. | ***Едмунд Спенсер*** |
| Најдобро е владеење ако човек мора да му се покорува само на законите. | ***Волтер*** |
| . Важна мува е онаа која слетала на кралското чело. | ***Чапек*** |

| | |
|---|---|
| Во земјата на слепците ќорите се кралеви. | ***Француска народна поговорка*** |
| За стадото не е добро и овчарот да е овца | ***Гете*** |
| Владарите ги заборавaат ветувањата, народот не. | ***Мазини*** |
| Оној кој владее треба да пази повеќе на општото добро, отколку на своето | ***Пјетро Метастазио*** |
| Владарот кој храни мудрец, а ништо не го прашува, еднаков е на некој без нозе, кој има коњ. | ***В. Милер*** |
| Кој е меродавен, а нема авторитет, немоќен е како и оној кој има авторитет, а не е меродавен. | ***Гистав Ле Бон*** |
| Со нашите мисли е исто како и со сатовите: одат скоро исто, а сепак, секој му верува на својот. | ***Александар Поп*** |
| Калта може да го извалка драгиот камен, но не може да го претвори во кал. | ***Кинеска народна поговорка*** |
| Доброволно да признаеш туѓа вредност, подразбира да имаш и своја. | ***Шопенхауер*** |
| Колку би сме биле слаби да немаме противници. | ***Ханс Кункел*** |
| Познато е дека, кога магарињата најмногу рикаат, ги држат опашките највисоко. | ***Лаоска народна пословица*** |
| Будалите зборуваат најчесто за мудроста, а неморалните за доблеста | ***Пол Ернст*** |
| Ако започнеме кавга помеѓу минатото и сегашноста, ќе ја загубиме иднината. | ***Черчил*** |
| Ако не мислите за иднината, нема ни да ја имате. | ***Голсворти*** |
| Денес на престолот, утре во калта. | ***Корнел*** |
| Исто е опасно да се верува премногу и премалку. | ***Дидро*** |
| | |
| Верувањето и знаењето се како тасовите на вагата. Колку едниот се дига, толку другиот мора да се спушти. | ***Шопенхауер*** |
| Џуџе, кога стои на грбот од горостасот, подалеку гледа од него. | ***Роберт Бартон*** |
| За слабата влада да се ојакне, мора да и се смали моќта. | ***Лудвиг Борн*** |
| Рим сакаше да владее; кога му ги победија легиите, во провинциите ги прати догмите. | ***Хајне*** |
| Писателите на анонимни писма се очајни што нивните дела ги разнесуваат поштарите, а не милиционерите. | ***Булатовиќ*** |
| Клекнете, ако сакате да стартувате. | ***Пајовиќ*** |
| Кутра е правдата што мора да се правда | ***Булатовиќ*** |
| Демократија е кога не си затворен затоа што си отворен. | ***Булатовиќ*** |
| Кога се палатите раскошни, житниците се празни. | ***Лао Це*** |
| Амбициозните луѓе, ако напредуваат, повеќе се зафатени, отколку опасни. | ***Бекон*** |
| Добро е познато дека амбицијата исто така ползи, колку што лета | ***Едмонд Бурке*** |
| Замрачете! Да видеме кој светли. | ***Ковачевиќ П.*** |
| Меѓу честитите луѓе, ветувањата се долгови, а кај политичарите мамец. | ***А .Турние*** |
| Каков ли само политичар можел да биде Јуда. | ***А Турние*** |
| Само со туѓи очи се гледаат сопствените недостатоци. | ***Кинеска поговорка*** |
| Човек кој е заљубен во себе има малку соперници. | ***Лихтенберг*** |
| Да сакаш да помогнеш е обратно – пропорционално од да можеш да помогнеш | ***Стево Хирошима*** |